## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
### од Осумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 септември 2001 година

Седницата се одржа во просториите на Македонскиот Народен Театар, со свечен карактер, со почеток во 20,10 часот,

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости, ја отворам Осумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, свикана по повод одбележувањето на 10 годишнината на независноста на Република Македонија.

(Се исполнува химната на Република Македонија.)

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски, претседателот на Владата на Република Македонија господинт Љубчо Георгиевски, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија господин Киро Глигоров, пратениците од првиот состав на повеќепартиското Собрание на Република Македонија, претседателот и членовите на првата Влада на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Јавниот правобранител на Република Македонија, Народниот правобранител, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на универзитетите "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и "Св. Климент Охридски" во Битола, поглаварот на Македонската православна црква, претседателот на Исламската верска заедница во Република Македоиија, бискупот на Скопско-Призренската бискупија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Дами и господа пратеници, почитувани гости, по повод одбележувањето на 10 годишнината на независноста на Република Македонија на Собранието ќе му се обрати Претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски.

Го молам Претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски да земе збор.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, драги пријатели, почитувани гости, пратеници, претседател на Собранието на Република Македонија, претседател на Владата на Република Македонија.

8 септември е празник што ги сублимира и пренесува вековните идеи на македонската нација за сопствена држава. Тоа е продолжение на традицијата и заветот на нашите претци симболизирани со Илинден 1903 година -Крушевската Република. Светата илинденска порака како основен темел на нашата држава беше потврдена и преточена во одлуките на Вториот Илинден 1944 година кога се создаде македонската држава. Тогаш, врз основа на одлуките на АСНОМ Македонија ја изрази својата суверена волја за приклучување на федерацијата на југословенските републики. Токму таа одлука е основата врз која ние пред точно една деценија на 8 септември 1991 година на референдум се определивме за осамостојување на Република Македонија користејќи го нашето неотуѓиво право на самоопределување.

Денеска во овие судбоносни моменти за нашата татковина никој и ништо не може да не спречи со нагласено чувство на достоинство и гордост да го одбележиме големиот ден во нашата историја 10 годишнината од осамостојувањето на Република Македонија.

Историски гледано, тоа е релативно кус период за дефинитивна проценка и суд за се она што го постигнавме, втемеливме и конечно преживеавме во нашето денешно секојдневие. Меѓутоа, сакам да укажам на она што, според мене, не може да се оспорува.

Определувајќи се прад 10 години за самостојна Македонија се определивме да градиме една самостојна демократска држава, заедника татковина на сите нејзини граѓани. Македонија единствено успеа да изгради темели на самостојна држава базирана на либерална демократија, заштита на човековите и малцинските права, вредностите на толеранцијата и пазарната економија. Тие вредности и во иднина ќе ги браниме и ќе ги одбраниме.

Се определивме за градење на држава во чии темели ќе бидат вткаени сите современи цивилизациски придобивки вклучувајќи ги и традициите на нашите претци на кои ги градевме нашата култура и борба за самостојна држава.

Својата самостојност Република Македонија ја стекна во полн ефект на суровите меѓуетнички судири на територијата на поранешна Југославија. Успеавме да останеме надвор од сите тие војни определувајќи се за современа европска опција, заеднички европски дом без граници. Во овој еднодецениски период и покрај сите притисоци, блокади, ембарга и воени дејствија што допреа и до нашата граница Република Македонија со право беше посочувана како пример за стабилност во регионот и прифатена како сериозен и одговоран субјект од страна на целокупната Меѓународна заедница.

Нашата стратешка определба беше и останува интеграцијата во европските и евроатлантските структури. На тој пат ниту во најтешките моменти не се откажавме од принципите и стандардите што владаат во овие асоцијации што значи почитување на принципите на плуралистичката демократија во политичкиот живот, слободна пазарна економија, почитување на законитоста и владеењето на правото. Обезбедување и почитување на највисоките стандарди на европските народи во областа на правото на малцинствата како и градење на етничка и верска толеранција. Унапредување на добрососедските односи врз основа на меѓународно прифатените принципи и преку решавање на сите прашања по мирен пат и преку дијалог. Достојно почитување на постоечките граници и од тие принципи нема ниту понатаму да се откажеме, бидејќи ги сметаме за општоцивилизациски, а за себе се сметаме дел од цивилизацијата во која и ние имаме скромен придонес.

Во моментите кога на видик беа резултатите од позитивните политички и економски процеси кога Република Македонија стекнуваше поголем углед и лидерска позиција во меѓународниот процес на Балканот, нашата земја стана жртва на агресија на екстремистичките терористички банди организирани и помагани од оние сили на кои не им е во интерес и полза мирот, демократскиот развој и придонес, просперитет на овој дел од Европа.

Се покажа дека парцијалното решавање на проблемите на Балканот води единствено кон нови судири и крвопролевање. Нерешителна и докрај недефинирана политика на Меѓународната заедница во решавање на косовската криза, посебно во делот на разоружувањето на милитантниот екстремизам доведе до ново повампирување на етнонационализмот и шовинизмот на неизживеаните соништа на големи етнички чисти територии на Балканот.

Се соочивме не само со отворена агресија врз нашата граница и врз нашата територија, туку и со непријател на кого му се туѓи дури и најосновните човекови цивилизациски вредности.

Почитувани дами и господа, овие седум месеци Македонија се соочува со најсериозен предизвик за својата независност. Антицивилизациските сили нападнаа врз еден од темелите на македонската стабилностдоа е вековната меѓуетничка толерантност.

Обидувајќи се конфликтот да го претворат во судир меѓу македонците и македонските албанци, борејќи се за криминални интереси и етнички чисти територии тие вешто ја користеа маската за борци за човекови права, злоупотребувајќи некои внатрешни слабости на македонското општество и злоупотребувајќи ги претходните активности на Меѓународната заедница и сите напори на Балканот. На овој начин тие делумно ја постигнаа својата цел, ја дестабилизираа нашата држава разнишувајќи го вековниот соживот меѓу македонците и македонските албанци.

Препознавајќи ја суштината и комплексноста на опасноста со која е соочена Република Македонија и сите нејзини граѓани се определивме да одиме по пат базиран врз три суштински цели.

- Заштита на унитарност;
- Територијалниот интегритет и суверенитет на Македонија;
- Избегнување на крвава меѓуетничка војна, инволвирање и обезбедување поддршка на Меѓународната заедница.

Тргнувајќи од овие цели за доброто на Македонија војувавме кога тоа беше неопходно, го потпишавме Рамковниот политички договор со цел да ја вратиме и зајакнеме вербата меѓу македонците и македонските албанци, да го зацврстиме европскиот карактер на државата. Го изготвивме планот за разоружување во интерес на мирот и стабилноста.

Дали патот што го одбравме е најсоодветниот и најисправниот, ќе покаже времето.

Ова што сакам категорично да ве убедам е следното:

Република Македонија ќе остане држава со полн територијарен интегритет и суверенитет со унитарен карактер во своето уредување, со силно изразен континуитет на државноста од Илинденската еопопеја преку АСНОМ и историскиот 8 септември 1991 година кога со референдумското изјаснување македонскиот народ си ја определи иднината да живее во сопствена, самостојна држава заедно и рамноправно со сите други нејзини граѓани.

Мојата единствена визија за Република Македонија е безбедна, просперитетна држава со силно изразен граѓански карактер, држава која во фокусот на вниманието ќе го има напредокот за животот на секој нејзин граѓанин и која во догледно време ќе стане полноправна членка на единственото европско семејство.

Граѓаните на Република Македонија на овој историски ден пред една деценија давајќи го својот глас за суверена Македонија се изјаснија токму за тие принципи и за таква држава. Затоа уште еднаш ги повикувам да ја дадат својата поддршка со заеднички напори да ја зачуваме татковината и да ја развиеме нејзината демократија.

На ова место чувствувам потреба и потенцирам дека иако по усвојувањето на Рамковниот договор теророт продолжи, тогаш насилниците ќе бидат уништени и затоа ќе очекуваме целосна поддршка на Меѓународната заедница. Се разбира дека војната треба да се избегнува, бидејќи таа носи страшни трагедии, страдања, сиромаштија и тага. Но, таа не може да се избегне по секоја цена, не по цена на губење на државноста и духот.

Почитувани гости, ние очекуваме дека Меѓународната заедница ќе изнајде сили да ја процени храбрата и разумната позиција на Република Македонија за решавање на кризата и вистински ќе придонесе во стабилноста.

Во оваа смисла очекуваме Меѓународната заедница да постапи во согласност со правдата и правото со целосното прифаќање на уставното име на Република Македонија во меѓународните односи. Тоа ќе биде јасна поддршка на идентитетот, суверенитетот на нашата Македонија. Очекуваме исто така целосна поддршка во нашето понатамошно интегрирање во НАТО, ЕУ и слободното движење на нашите граѓани во земјите членки на овие пријателски структури.

Одбележувајќи го овој историски ден, датум и денеска и во иднина никогаш да не ги заборавиме ниту борците за слободна Македонија, ниту денешните бранители на суверена Македонија. Вечно да се паметат имињата на сите херои што ги дадоа своите животи за татковината, за сите нас. Македонија нема да ги заборави.

Им го честитам празникот на сите граѓани на Република Македонија и на нашите сонародници во дијаспората со очекување дека идниот 8 септември ќе го прославуваме во едно поинакво време, во мир, спокој и просперитет на сите наши граѓани.

Нека ни е честит, уште еднаш, празникот 8 септември.

Да живее Република Македонија. (Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски.

Ја заклучувам Осумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 20,30 часот.)